Годишен финансиски извештај на Општина Делчево за 2025 год.

1.Буџет и Одлука за извршување на Буџетот за 2025 год.

Буџетот на Општина Делчево бр.09-2062/1-30.12.2024 година, и Одлуката за извршување на Буџетот за 2025 година бр.09-2065/1 од 30.12.2024 година, се донесени на четириесет и втората редовна седница на Советот на општина Делчево одржана на ден 30.12.2024 година.

Буџетот на Општина Делчево го сочинуваат средствата од основниот буџет, наменските дотации, самофинансирачките активности и буџетот на донации. Во приложените материјали за завршната сметка на Буџетот за 2025 година, овие средства се дадени во подолу наведените колони, заедно со процентот на реализација во однос на планираните средства.

2. Приходи на општината

Во буџетот на Општина Делчево за 2025 год. планирани се 474.434.976 ден. од кои се реализирани 417.945.814 ден.или 88%.

Опис	План 2025	Извршено 2025	%
Основен буџет	191.558.725	156.667.244	81,8
Наменски дотации	259.260.697	248.898.418	96,0
Донации	8.913.354	5.963.770	70,0
Самофинансирање	14.702.200	6.416.382	43,6
Кредити	0	0	0
Вкупно:	**474.434.976**	**417.945.814**	**88**

Процентот на реализација на поодделните групи на приходи кај основниот буџет се гледа од следниов преглед:

Група на приходи	Основен буџет 2025	Реализација на приходи 2025	%
1.Даночни приходи	66.715.392	60.532.998	90,7
2.Неданочни приходи	2.610.000	1.808.700	69,2
3. Капитални приходи	7.265.000	3.095.550	42,6
4.Трансфери	114.968.333	91.229.996	79,3
Вкупно:	**191.558.725**	**156.667.244**	**81,7**

Во структурата на остварените приходи на основниот буџет на Општината учествуваат даночните приходи со 38,6% чија наплата по видови, во однос на планираните е како што следува:

Вид на данок	Буџет 2025 план	Реализирано 2025	%
1.Данок од доход, добивка и капитални добивки	7.445.392	7.195.452	96,6
2.Даноци на имот	20.550.000	21.012.154	102,2
3.Даноци на специфични услуги	38.030.000	32.140.742	84,5
4. Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	690.000	184.650	26,7
Вкупно:	**66.715.392**	**60.532.998**	**90,7**

Планираните даноци на имот зафаќаат 30,8% од даночните приходи. Наплатата на даноците на имот во однос на вкупните даночни приходи е 34,9%, додека пак, наплатените даноци на имот во однос на планираните е 102,2%. Даночните приходи во однос на вкупните планирани приходи во основниот буџет зафаќаат 34,8%, додека пак % на наплатените даночни приходи во однос на вкупно наплатените приходи во основниот буџет е 38,6%.

Реализацијата на данок на имот во однос на видови на данок во 2025 година, во однос на планираните даноци на имот е следнава:

Вид на данок	Буџет 2025 план	Реализирано 2025	%
1.Данок на имот од физички лица	8.550.000	7.196.482	84,1
2.Данок на имот на правни лица	4.500.000	2.962.195	65,8
2.Данок на наследство и подарок	2.500.000	2.574.788	102,9
3.Данок на промет на недвижности и права	5.000.000	8.278.689	165,5
Вкупно:	**20.550.000**	**21.012.154**	**102,2**

Реализацијата на даноци на специфични услуги е дадена во следнава табела, споредбено со планираните:

717	Даноци на специфични услуги	Буџет 2025 план	Реализирано 2025	%
717111	Комунална такса за привремен престој	350.000	57.088	16,3
717112	Комунална такса за истакната фирма	3.000.000	2.302.967	76,7
717115	Комунална такса за користење на улици со пат.и.мот.возила	2.000.000	1.486.718	74,3
717116	Комунална такса за одржување на јавно осветл.	19.000.000	18.051.739	95,0
717131	Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност	250.000	-8.400	-3,3
717132	Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места	30.000	0	0
717135	Комунална такса за користење на плоштади	400.000	119.600	29,9
717137	Надоместок за уредување на градежно земјиште	13.000.000	10.125.030	77,8
717140	Камата за неневремено плаќање на комунални такси кои се приход на ЕЛС	0	6.000	
	Вкупно:	**38.030.000**	**32.140.742**	**84,5**

3. Расходи на Општината

Од вкупно планирани расходи во износ од 474.434.976 ден. во вкупниот буџет реализирани се 416.436.651 или **87,7%.**

Во основниот буџет на Општина Делчево од планирани 191,558.725 денари, реализирани се 156.717.879 денари или 81,8%.

Планираните и реализираните расходи за 2025 година по намени во основниот буџет на општината можат да се видат од следниов преглед:

Основен буџет - расходи	Планирано	Реализирано
40-Плати и надоместоци	**43.075.487**	**40.097.368**
- основни плати и надоместоци	28.950.000	27.141.014
- придонеси	11.091.000	10.514.770
- други надоместоци	3.034.487	2.441.584
41-Резерви и недефинир.расходи	**300.000**	**0**
- тековни резерви	300.000	0
42-Стоки и услуги	**17.897.277**	**13.226.803**
- патни и дневни расходи	580.000	397.668
- комунал.услуги, греење, комуник.	7.520.000	7.041.428
- ситен инвентар и др.материјали	1.711.796	827.442
- поправки и тековно одржување	2.814.000	1.594.490

- договорни услуги	1.716.400	844.747
- други тековни расходи	2.155.081	1.201.223
-привремени вработувања	1.400.000	1.319.805
45-Каматни плаќања	**1.800.000**	**1.124.216**
46-Субвенции и трансфери	**4.500.670**	**3.311.160**
-трансфери до невладини организации	1.300.000	478.000
- трансфери до здруж. на граѓани	800.000	308.000
- трансфери до спортски клубови	500.000	170.000
- Разни трансфери	3.200.670	2.833.160
- стипендии за студенти	63.000	63.000
- стипендии за поддршка на млади таленти	385.000	349.225
Разни трансфери	2.172.670	1.891.365
-трансфери при пензионирање	280.000	0
Плаќање по судски решенија	300.000	529.570
47-Социјални бенефиции	**1.310.000**	**1.292.712**
- еднократна парична помош	700.000	699.547
-помош за новороденчиња	250.000	235.196
-надомест за првачиња	360.000	357.969
48-Капитални расходи	**117.515.291**	**92.587.330**
-купување на опрема и машини	1.844.800	1.352.999
- други градежни објекти	108.670.491	86.534.322
- купув.мебел, опрема, маш.возила	0	0
- надомест за одземен имот	7.000.000	4.700.009
49-Отплата на главница	**5.160.000**	**5.078.290**
- отплата на главнина	5.160.000	5.078.290
Вкупно:	**474.434.976**	**416.436.651**

Вкупниот износ на платите во основниот буџет во однос на вкупно реализираните расходи изнесува 25,5%, процентот на реализација на стоки и услуги е 8,4%, додека износот на реализираните капитални расходи во однос на вкупните расходи во основниот буџет е 59%, а во однос на планираните капитални расходи, реализирани се 79%. Во делот на капиталните расходи пак, процентот на реализација на други градежни објекти во однос на вкупните реализирани капитални расходи е 77%.

4. Извештај засредствата,побарувањата и обврските

Со состојба на 31.12.2025 година општина Делчево има ненаплатени побарувања во вкупен износ од 44.597.821 денари, дел од нив се утужени.

Ненаплатени побарувања по основ на:	**31.12.2025**
-побарувања од купувачи во земјата	6.095.960
- данок на имот за физички и правни лица	14.319.736
-Данок на наследство и подарок за физички и правни лица	857.098
-Данок на промет на недвижности и права за физички и правни лица	0
- Комунална такса за фирмарина за правни лица и СВД	9.956.534
- Надоместок од уредување на градежно земјиште за физички и правни лица	12.836.645
-Надоместок за легализација на бесправно изградени објекти за физички и правни лица	460.648
-Останати комунални такси	71.200
ВКУПНО :	**44.597.821**

Општина Делчево има ненамирени обврски према добавувачите во износ од 209.071.619 денари во кој износ влегува и пресметаната камата за утужените обврски.

Дел од нив, односно 162.485.123 денари се обврски по основ на главен долг по судски извршни решенија односно утужени обврски, заедно со пресметана камата.

Со состојба на 31.12.2025 година постојаните средства на општина Делчево по набавна вредност изнесуваат 865.995.761 додека сегашната вредност е 713.700.816 денар.

	Набавна вредност	сегашна вредност
-Градежни објекти.....	823.400.484 ден.	700.917.736 ден.
-Опрема.....	42.580.637 ден.	12.768.440 ден.

Набавната вредност е зголемена во 2025 година по основ на изградбата на новата дестка градинка во Делчево, реконструкцијата на улиците Вељко Влаховиќ, Гоце Делчев, Илинденска,реконструкција на улици во населба Ново Делчево, изградба на фекална и атмосферска канализација на улица Индустриска, реконструкција на дел од дистрибутивна мрежа. Поголем дел односно 32 % од вредноста на градежните објекти припаѓа на брана „Лошана". Вредноста на основните средства – градежни објекти ги опфаќа и градежните објекти –домот на културата АСНОМ , Градски зелен пазар, капела, улици и патишта, локални патишта, пристапни патеки, потоа други објекти во кои влегуваат: стар објект на општината, паркот кај црквата, касарна, спортско игралиште кај ОУ „Ванчо Прке", тениско игралиште кај ОУ „Ванчо Прке"

двојно тениско игралиште кај стадионот, детско одмаралиште „Голак“, пешачки мост, водоводни, атмосферски и канализациони мрежи во општината, гумена брана , нова детска градинка и др.

Бр. 09-1136/1

31.03.2026 г.

Совет на Општина Делчево
Претседател,
Николчо Стојменовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ДЕЛЧЕВО
општина ДЕЛЧЕВО